Архивски број:___08-327/ 7 _
2 8-07- 2022 година

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-179/1 од 22.03.2022 година, поднесена од [redacted] од Скопје против [redacted] од Скопје поради вознемирувачки говор по основ на пол, род, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација и родов идентитет објавен на социјалната мрежа „Фејсбук", Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 28.07.2022 година го донесе следново

# МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА продолжено повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација** кон припадниците на ЛГБТИ заедницата од страна на [redacted] врз основ на пол, род, сексуална ориентација и родов идентитет, извршено со објавување на содржина на социјалната мрежа „Фејсбук", на 18.03.2022 година.

## Образложение

На 22.03.2022 година, во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, доставена е претставка од страна на [redacted] од Скопје против [redacted] од Скопје поради вознемирувачки говор по основ на пол, род, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација и родов идентитет објавен на социјалната мрежа „Фејсбук". Во истата, подносителот наведува дека на 18.03.2022 година во 17:14 часот, [redacted] на својот профил на „Фејсбук" објавила содржина со вознемирувачки говор насочен кон припадниците на ЛГБТИ заедницата[1] кој предизвикал 17 коментари и 6 споделувања.

Врз основа на член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на СРМ бр.258/20), на 30.03.2022 година, Комисијата испрати допис до [redacted] во кој испрати копија од претставката и барање за изјаснување по наводите содржани во истата во законски предвидениот рок , на личната адреса што е наведена од страна на подносителот.

---
[1] https://www.facebook.com/popova.dora/posts/pfbid02sQYJQJQG7xTghCkSoVVgSDmsCjFVRPv2PkhT21gEiGEuL7pGCMPQ8YseoU6k9FBDl

Бидејќи по истекот на рокот до архивата на Комисијата не беше доставена повратница/ извештај за врачување на пратката, членката на Комисијата, Весна Бендевска телефонски контактираше со [redacted], на доставениот број од страна на подносителот. При тој контакт, [redacted] информираше дека подолго време не живее на таа адреса и ја посочи својата актуелна адреса: [redacted] во Скопје.

На 09.05.2022 година, (видливо од приемен печат од Пошта 1106 – Скопје) Комисијата го препрати дописот на оваа адреса, со повторна назнака дека странката има право да се произнесе по наводите во рок од 15 дена од приемот на истиот.

На 01.06.2022 година, во архивата на Комисијата е вратен пликот со документите и повратницата, со назнака дека странката е известена на 01.06.2022 година, што упатува на фактот дека странката се откажала од своето право да се произнесе по посочените наводи во претставката.

Со тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристапи кон утврдување на фактичката состојба имајќи ги предвид само наводите и доказите доставени од страна на подносителот.

[redacted] на својот личен профил на социјалната мрежа „Фејсбук" постирала содржина во која го изразува својот личен став и размисли околу предлог-законот за матична евиденција, со кој се предвидуваше можност и право на секое лице да се изјаснува во однос на своето себечувство на пол и род. Со оглед дека таа е дипломиран психолог и гешталт-психотерапевт, како и магистер на клиничка и советодавна психологија, таа во објавата ги изразува своите ставови и отвора дилеми околу транзицијата од еден пол во друг, дали сексуалната ориентација е вродена или стекната но и ги посочува дефинициите за пол и род според СЗО.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека содржината на оваа објава го изразува личниот став на [redacted], па и од аспект на нејзината професионална ориентација. Тврдењето на подносителот на претставката дека во оваа содржина може да се насети намера да се наштети на честа и угледот на припадниците на ЛГБТИ заедницата и прејудицирањето дека посочената не ги поткрепила своите ставови и дилеми со докази, не се во согласност со член 16 став 1 од Уставот на РС Македонија, кој гласи: *Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата.* Покрај тоа, слободата на изразување како основно граѓанско и политичко право е стипулирано и во член 19 од Универзалната декларација за човекови права и во член 19 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права. Членот 9 од Европската конвенција за човекови права гласи*: Секој човек има право на слобода на мислите, совеста и верата.* Ставот 1 од член 10 на оваа Конвенција го обезбедува правото на... *секој човек на слобода на изразувањето. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите.*

Од погореизнесеното, Комисијата смета дека [redacted] во посочената содржина што ја постирала на својот профил го изразила својот личен став, со намера да предизвика јавна дебата. Внимателно анализирајќи ја содржината на текстот, Комисијата утврди дека во овој случај **не може** да се нотира интенција за несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел

или последица повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика, што

според Законот за спречување и заштита од дискриминација претставува вознемирување како облик на дискриминација.

Но, Комисијата дополнително го зеде предвид фактот за бројот на споделувања на објавата (6) и бројот на коментарите што истата ги предизвика (17).

Во овој случај, Комисијата утврди дека еден коментар на оваа содржина, постиран од профилот [redacted] содржи елементи на вознемирувачки говор, полн со предрасуди и стереотипи. Коментарот е следниов:

Сите организации финансирани од гојдата глобалосатаномасонски, меѓу кои спаѓа и [redacted](ш), кога се работи за родовата и сексуалната идентификација кај луѓето, имаат за цел да внесат забуна и да направат хаос во главите посебно кај младите. Уште попогуба е нивната индоктринација кога пропагираат "права" на децата да ги одредуваат својот пол и род во раните години, на пример до кај 9-10-тата година. Ако некој има тро поимање од психологија и ако некој тро го читал Фројд и неговите писанија за психосексуалниот развој на човекот и ако некој тро работел со популација од таа возраст ТОГАШ ЗНАЕ ЗА ШТО ЗБОРУВАМ.

Под плаштот на "сексуалните права и слободи" кај/за/на младите овие глобалосатаномасонски организации вршат опасна индоктринација со далекосежни погубни последици. Денеска границите за тоа што е нормално, а што не е, се потполно нарушени.

Гојдата глобалосатаномасонски - со нивните небулозни флоскули како - глобализација, нов светски поредок, нова нормалност, големиот рисет и тн., како и покренатите процеси со куроНАвирусо, третата светска војна и актуелната глобална економска криза - имаат само ЕДНА НАМЕРА:

ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЕДНА СВЕТСКА ВЛАДА КОЈА ЌЕ ИМ ОВОЗМОЖИ АПСОЛУТНА МОЌ.

За да се одржат во моќ тие (ќе) ги користат сите методи и техники, а посебно - манипулација, контрола, поседување, доминација, експлоатација и тн. Користејќи ги сите медиуми кои се под нивна контрола, тие денеска ги замениле универзалните вредности (љубов, вистина, мир, исправност, ненасилство) со НОВИ лажни вредности - money, sex & power.

Разорувањњто на вредносните системи/матрици е една од најважните цели.

Исто така корумпирањето на политичките структури, поткупувањето на здравствените системи преку big pharma, правењето хаос во овразовните системи преку вклучување на нови модерни проекти и програми - придонесува за актуелниот ХАОС во главите на децата, младинците и нивните родители.

Но, оние кои го предизвикуваат хаосот мислат/очекуваат истиот да им помогне да владеат бесконечно, се зафркнале. Хаосот има своја логика, тој ќе донесе до еден нов ред на едно повисоко ниво на свесност, а свесноста ќе доведе до разорување на сите овие НОВИ, но за жал, ЛАЖНИ матрици кои денеска ги пропагираат разноразните глобалосатаномасонски организации.

На повидок е Новото Златно Доба, кое е последица на едно повисоко ниво на свесност, во кое повторно ќе се воспостават ВЕЧНИТЕ БОЖЕНСТВЕНИ УНИВЕРЗАЛНИ ВРЕДНОСТИ: ЉУБОВТА, ВИСТИНАТА, МИРОТ, ИСПРАВНОСТА И НЕНАСИЛСТВОТО.

Сите глобалосатаномасонски его трипови ќе се распаднат како кула од карти.
Поиграјте си уште малку, а потоа играчките ќе ви бидат одземени.
MAY GOD BLESS YOUR HEART🖤😇

За овој коментар, Комисијата утврди дека истиот содржи елементи на вознемирувачки говор врз основ на сексуална ориентација и родов идентитет, што според членот 10 од Законот, претставува вид на дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во овој случај посочува и на праксата на Европскиот суд за човекови права. Во случајот Beizaras and Levicka v. Lithuanina, жалба бр. 41288/15, Судот меѓу другото одлучил дека ваквите коментари мора да бидат санкционирани во демократските општества. Судот процени дека дури еден коментар со омраза под објава на социјална мрежа е доволен за истиот да се сфати сериозно, доколку објавата има голема онлајн видливост, како во овој случај. Следствено, сопственичката на профилот, [redacted] морала да го отстрани ваквиот коментар, бидејќи веќе 18 недели постои на нејзиниот ѕид и предизвикува, посредно или непосредно, поттикнување на дискриминаторски активности врз основ на пол, род, сексуална ориентација и родов идентитет.

Членот 9 од Законот гласи:

*Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа.*

Затоа, Комисијата утврди лична одговорност на сопственичката на профилот Дора Попова Узуновски за неотстранување на ваквиот вознемирувачки коментар, што резултирало со повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација, кое според Законот, е вид на дискриминација и одлучи како во диспозитивот.

Согласно член 27 став 2 од ЗСЗД, по утврдената дискриминација, Комисијата препорачува начин на отстранување на повредите на правото. Затоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следнава

## ПРЕПОРАКА

**Се препорачува** [redacted]**, во најкраток можен рок но не подолг од 30 дена** од приемот на ова Мислење, ја го отстрани коментарот на Jove Hagieski од својот профил, објавен на постот на [redacted] на 18.03.2022 и за тоа писмено да ја извести Комисијата.

**Се препорачува** [redacted] во иднина да ги следи коментарите на своите објави на личниот профил на „Фејсбук" и веднаш да ги отстранува оние што ќе содржат вознемирувачки говор врз некоја дискриминаторска основа кон поединци или група лица со заштитени карактеристики, затоа што таквата активност ќе се смета за повторена дискриминација, што според Законот, претставува потежок облик на дискриминација.

Согласно член 2 став 3 од законот, лицето на кое е упатена препораката **е должно** да постапи по истата. Согласно став 4 од истиот член, доколку лицето не постапи по препораката во зададениот рок, Комисијата ќе поднесе барање за покренување прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
По овластување, член на Комисија
Игор Јадровски



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk